Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 08-145/1

03-05-2023 20 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Постапуваајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-145/1 од 02.02.2023 година, поднесена од полномошник адвокат [redacted] во име на [redacted] од Скопје за извршена дискриминација по основ на здравствена состојба и припадност на маргинилизирана група од страна на ПЗУ Поликлинкика [redacted] Скопје, претставувана [redacted] во областа пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 28.04.2023 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

Се утврдува повеќекратна и продолжена директна дискриминација по основ на здравствена состојба и припадност на маргинализирана група, извршена од страна на ПЗУ Поликлиника [redacted] Скопје кон [redacted] од Скопје во областа пристап до добра и услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

На 02.02.2023 година, во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] за извршена дискриминација по основ на здравствена состојба и припадност на маргинилизирана група од страна на ПЗУ Поликлинкика [redacted] Скопје во областа пристап до добра и услуги. Во претставката се наведува дека [redacted] поднел барање за издавање на лекарско уверение за здравствена и психофозочка способност за управување со морторно возило до ПЗУ Поликниника [redacted] во октомври 2022 година. При извршување на здравствениот преглед во поликлиниката, [redacted] ги информирал здравствените работници, односно лицето кое му земало крв, психијатарот, специјалистот по офталмологија и оториноларингологија, членови на комисијата, дека се лекува од зависност, по што, како што се наведува во претставката, „*на сите прегледи поминал со добра оценка од страна на специјалистите, а психијатарот кој е стручен за состојби на зависност немал забелешка на неговата зздравствена состојба и способност да управува со моторно возило, но единствено специјалистот по оторинолгинголоија..., дал негативно мислење за издавање на лекарско уверение*“ и врз таа основа, лекарската комисија му издала уверение бр. 54041 од 19.10.2022 година, со кое се утврдува привремена неспособност за управување со моторно возило најмногу до 2 години.

Подносителот смета дека ова е доказ за извршена дискриминација кон него заради предрасудите и стереотипите на лекарот-оторинилaринголог кон лицата кои се поранешни корисници на опијати , а кои примаат редовна метадонска терапија, со оглед дека влијаел врз комисијата да не издаде лекарско уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило што е спротивно на одредбите содржани во член 2 став 3 од Правилникот за начинот на вршење на здравствениот преглед на возачите на моторни возила, критериумите во однос на кадарот и опремата за вршење на здравствениот преглед, како и за начинот и постапката за издавање уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило (Сл.весник на РМ бр.138/08) , (во натамшниот текст: Правилник за начинот на вршење на здравтсвениот преглед на возачите на моторни возила) кој гласи:

*„Ако при здравствениот преглед комисијата од ставот 2 на овој член се посомнева дека кандидатот за возач или возачот боледува од некоја болест која ја нарушува неговата здравствена и психофизичка способност, а со тоа ја загрозува и безбедноста на јавниот сообраќај, кандидатот се упатува на преглед до соодветен лекар специјалист“.*

Во конкретниов случај, подносителот по добиеното негативно мислење од оториноларингологот не бил упатен на психијатар кој работи на зависности за да може да се добие дополнителна информација за неговата психофизичка способност за управување со моторно возило, туку добил Уверение дека е привремено неспособен најмногу до 2 години, без да се наведат причините за таквата констатација, што е спротивно на ставот 2 од член 5 од погоренаведениот Правилник, кој гласи:

*„Оценката од ставот 1 на овој член треба да биде образложена.“*

Согласно горенаведените факти, подносителот смета дека со опишаните дејствија, ПЗУ [redacted] извршила дискриминација кон него врз основ на неговиот здравствен статус и припадност на една од најмаргинализираните групи – поранешни зависници од опијати со што му го оневозможиле пристапот да се здобие со возачка дозвола за управување со моторно возило, со што го ограничиле во можностите да најде работа, да се рехабилитира и да се реинтегрира во општеството.

Во прилог на претставката, подносителот приложува и Мислење од [redacted], психијатар од Центарот за превентива и третман на болести на зависност – Одделение психијатрија при ГОБ „8 септември“ Скопје, во кое се наведува дека при одлучувањето дали лице на третман со метадон е способно да управува со моторно возило треба да се примени индивидуализиран пристап и да се ценат релевантните околности за поединецот. Според стручното мислење на овој специјалист кој работи со тремани на зависности, постои разлика помеѓу возење под влијание на дрога и возење со терапевтска доза на лек метадон кај лицата кои се лекуваат. *„Лицата на лекување кои ја земале само дозата метадон ординирана поради нивната зависност се во состојба да управуват моторно возило. Тие не стануваат еуфорични, миту поспани (подоцна) за разлика од лицата кои рекреативно користат droги. Спроведените студии на кои се повикува овој код укажуваат дека не е најдена социјално релевантна бариера за стабилни пациенти на метадонски третман која би била*

*пречка тие да исполнуваат различни задачи или професии во индустријата, како и да управуваат со автомобил*", стои во стручното мислење од д-р Костовски.

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 07.02.2023 година Комисијата до ПЗУ [redacted] Скопје испрати Барање за произјаснување по наводите содржани во претставката, бр. 08-145/2. Со оглед дека Комисијата утврди дека сите факти и документи што ги изнесе подносителот на претставката го прават веројатно неговото тврдење дека се случила дискриминација, во истиот допис Комисијата го извести лицето против кое беше поднесена претставката, дека согласно член 26 од Законот, го префрла товарот на докажување на нивна страна.

На 20.02.2023 година, до Комисијата пристигна произјаснување од страна на ПЗУ [redacted] архивирано под бр.08-145/3. Во истото, тие нотираат дека сметаат дека подносителот не сторил веројатно за извршена дискриминација од нивна страна, посочувајќи дека Поликлиниката поседува Решение од Министерството за здравство дека ги исполнуваат пропишаните критериуми во однос на кадарот и опремата за вршење на прегледи за здравствена и психофизичка способност на кандидатите за возачи, согласно член 323 ставови 1 и 2 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (Сл.весник на РМ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18, 70/19, 98/19, 302/20 и 122/21). Во одговорот тие упатуваат дека кандидатите за возачи задолжително мора да ги исполнат критериумите пропишани во членовите 2, 3 и 4 од Правилникот за здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидатите за возачи на моторни возила (Сл.весник на РМ бр.139/08) (во натамошниот текст: Правилник за здравствените критериуми) и од член 6 од Правилникот за начинот на вршење на здравствениот преглед на возачите на моторни возила, критериумите во однос на кадарот и опремата за вршење на здравствениот преглед, како и за начинот и постапката за издавање на уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило (Сл. Весник на РМ бр.139/08), (во понатамошниот текст Правилник за начинот на вршење на здравствен преглед). Тие потенцираат дека здравствените работници при оценката на здравствената и психофизичката (не)способност на кандидатот за возач, *„единствен услов е да го практицираат Законот и Правилниците и не постои алтернаттива за индивидуализиран пристап за поединец или личен став"*.

Дополнително, од Поликлиниката упатуваат дека доколку кандидатот за возач е незадоволен од утврдената задравствена или психофизичка неспособност за управување со моторно возило постои можност за жалба против лекарското уверение со посебна комисија, што ја формира министерот за здравство, согласно член 329 став 1 и 2 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата.

Во одговорот тие реагираат на начинот на кој полномошникот на подносителот, адвокатката [redacted] иако била запозната со неспорниот факт дека [redacted] повеќе од четири години се лекува од зависност со метадон, во претставката *ја оценила неговата здравствена и психофизичка способност како стабилна,* наведувајќи дека тој функционира непречено во средината, се грижи за детето и повремено хонорарно работи.

Понатаму, тие наведуваат дека при евидентирањето на податоците од личната анамнеза на подносителот, *„во здравствениот картон било констатирано дека четири години е на метадонска терапија, за што на кандидатот за возач му беше објаснето дека додека е на лекување со метадон, оценката за здравствената и психофизичката способност ќе биде 'привремено неспособен'"*, при што на кандидатот му образложиле дека *„во ситуација да се предозира со препаратот кој го користи или доколку го користи во комбинација со други дроги или алкохол, кои би се случиле во неговата здравствена и психофизича способност, сериозно ќе ја загрозат неговата безбедност, безбедноста на неговата фамилија и сите останати учесници во сообраќајот (можни нарушувања кои би се случиле се – конфузија, конвулзии, силна вртоглавица, поспаност, хипотензија, немир, општа слабост, стеснување на зеници, забавено дишење и работа на срцето)."*

На крај, тие заклучуваат *дека оценката со која го прогласиле за „привремено неспособен" не била злонамерна туку го докажувала спротивното од наводите во претставката, бидејќи со тоа му дале можност на кандидатот доколку неговата волја била да се реинтегрира во општеството, вклучително и да стане возач, задолжително треба да ги исполни критериумите од член 2 од Правилникот за здравствени критериуми*, оценувајќи ги наводите од претставката како „паушални и навредливи за угледот на вработените и здравствената установа.

За да може да ги утврди вистинските факти и аргументи поврзани со овој случај, Комисијата на 03.03.2023 година испрати допис до Поликлиниката бр. 08-145/4, во кој им соопшти дека согласно член 29 став 1 од ЗСЗД, на 07.03.2023 година ќе изврши најавен увид во нивните простории и документација.

Увидот беше извршен на 07.03.2023 година и на истиот присуствуваа членката - известител по овој случај Весна Бендевска, членот на стручната служба Стефан Бошковски и практикантот во КСЗД [redacted]. Тие се сретнаа со директорот на Поликлиниката, [redacted] оториноларинголог, од кого побараа увид во здравствениот картон на подносителот и записникот од извршениот лекарски преглед за издавање уверение за управување со моторно возило. При увидот во записникот, претставниците на Комисијата констатираа дека комисијата од Поликлиниката на следниот начин се изјасниле за здравствената состојба на подносителот: [redacted] невропсихијатар и [redacted] специјалист по медицина на трудот сметале дека тој е привремено неспособен за период најмногу до две години, додека [redacted] офталмолог, [redacted], оториноларинголог и [redacted] психолог, сметале дека лицето е со уреден наод и способно за управување со моторно возило. Завршната оценка по гласањето на комисијата била дела подносителот е привремено неспособен најмногу до две години за управување со возило. Директорот [redacted] изјави дека не постои писмено образложение за оценката на здравствената состојба затоа што усмено му одговориле на кандидатот дека метадонската терапија е можен ризик за учество во сообраќајот, а не го упатиле на преглед до соодветен лекар специјалист, затоа што во комисијата членува невропсихијатар, кој ја дал својата стручна оценка. Дополнително, тој изјави дека лицата кои се на метадонска терапија, се потенцијален

ризик за безбедноста во сообраќајот доколку земат повисока доза метадон, други опијати или користат алкохол.

Поради констатирањето дека двете страни дале различни аргументи околу гласањето на членовите на комисијата од Поликлиниката, на 20.03.2023 година КСЗД испрати писмен допис – Барање дополнителни податоци околу овој предмет, бр. 08-145/6, со кој побара писмен одговор од Поликлиниката на следниве прашања:

1. Колкав е бројот на случаи кои сте ги упатиле на дополнителен преглед до соодветен лекар специјалист, согласно чл. 2 став 3 од Правилникот, во текот на 2022 година, класифицирани по соодветната медицинска област?
2. Кои се образложенијата на членовите на лекарската комисија – [redacted] специјалист по медицина на трудот и [redacted] невропсихијатар, содржани во медицинската документација при вршење на проценката за способноста за управување со моторно возило на лицето [redacted] на 19.10.2022 година, со кои оцениле дека ова лице е привремено неспособно најмалку 2 години за управување со моторно возило?

Оваа поштенска пратка на 10.04.2023 се врати во архивата на КСЗД, заради погрешно наведен број во адресата не е доставена до примачот.

На 10.04.2023 година, истиот допис повторно е испратен до Поликлиниката [redacted] со архивски број 08-145/7, а одговорот од Поликлиниката е примен во Комисијата на 18.04.2023 година, бр. 145/8.

Во истиот, тие повторно наведуваат дека при земањето податоци за болести од кои боледувал или боледува, подносителот [redacted] бил прогласен за привремено неспособен најмногу две години согласно член 2 точка 5 (од став а) од Правилникот за здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидатите за возачи на моторни возила, потенцирајќи го терминот задолжително. Дополнително, тие посочуваат дека согласно овој акт, *точката 5 од членот 2 не е условена со дополнителен преглед во својство на потврда.*

Тие наведуват дека *поседуваат здравствен картон во кој лицето [redacted] изјавил дека употребуга психоактивни супстанци (Tabl Metadon) со негов потпис кој ја потврдува веродостојноста,* согласно член 10 став 2 од Правилникот за наинот на вршење на здравствениот преглед

Дополнително, тие посочуваат дека согласно претходно наведениот Правилник, согласно член 8, точка А алинеја 1, нивната поликлиника го задоволува условот во лекарската комисија која врши проценка на здравствената состојба на кандидатите за возачи да е составена од *„здравствени работници со високо образование, специјалисти по: медицина на трудот, офталмологија невропсихијатрија и оториноларингологија.“*

На крај, тие додаваат дека со донесената оценка за кандидатот [redacted] од страна на комисијата во Поликлиниката која го прогласила за привремено неспособен најдоцна до две години, не сторила никаква дискриминација, повикувајќи се на член 7 точка 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој уредува мерки и дејства што не претставуваат дискриминација.

Од погоре наведениот одговор на Поликлиниката на прецизно поставените прашања што се однесуваа на бројот на кандидати кои нивната комисија ги упатила на дополнителен преглед до соодветен лекар специјалист, класифицирани според соодветна медицинска област како и образложенијата на оценките за способноста на подносителот донесени од страна на невропсихијатарот [redacted] и специјалистката по медицина на труд [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Поликлиниката не даде одговори во својот допис.

За да може да ги утврди сите факти околу овој случај, на 24.04.2023 година, Комисијата го повика подносителот да даде изјава во просториите на КСЗД. На 27.04.2024 подносителот во присуство на својата ополномоштена адвокатка, даде изјава пред известителката на предметот, Весна Бендевска и записничарката, [redacted] за што е изготвен Записник бр. 08-145/10 кој е составен дел од предметната документација.

На прашање на известителката низ кои лекарски прегледи поминал во Поликлиниката при вршењето на оценката за неговата здравствена состојба, [redacted] изјави дека бил во лабораторија и кај психијатар, кој го опиша како жена која му дала да решава некакви тестови а потоа го упатиле на преглед кај лекар кој му извршил преглед на уво, грло, нос како и очен преглед. На директното прашање дали разговарал со психијатар, тој одговори потврдно, објаснувајќи госпоѓата со светла коса го оценила позитивно и немала никакви забелешки. На прашањето дали невропсихијатарот го прашал дали порано користел опијати, тој одговори дека не добил такво прашање. Следното прашање од известителката беше кој специјалист во Поликлиниката го прашал дали е поранешен корисник на опијати, [redacted] одговори дека тој бил оториноларингологот, кој го прашал дали користи некаква редовна терапија, на што му одговорил дека прима редовна метадонска терапија. [redacted] тврди дека лекарот му го кажал следново: *не може на совест да ги носи граѓаните кои би можеле да настрадаат од моето возење.*

Подносителот изјави дека во Поликлиниката при вршењето на здравствениот преглед бил прегледан само од двајца членови на лекарската комисија, една жена и еден маж, а не од сите пет члена кои се потпишани на Уверението. При тоа, тој немал увид во својата здравствена документација што ја сочиниле при прегледот, комисијата му издала Уверение во кое не е образложена одлуката за привремена неспособност, не му укажале на можноста доколку е незадоволен од истата дека може да поднесе жалба пред комисија формирана од Министерство за здравство согласно член 329 од Законот за безбедност во сообраќајот, ниту го упатиле до невропсихијатар кој работи со лица кои примаат метадонска терапија.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:
*Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго*

*уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.* Под дискриминација, Законот подразбира *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Во членот 8 став 1 од Законот, *директна дискриминација постои кога со едно лице или група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

*Повеќекратна дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи,* се вели во член 4 точка 10 од Законот.

Во истиот член, точка 12 гласи: *Продолжена дискриминација е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.*

Согласно член 13, *како потежок облик на дискриминација се сметаат повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.*

Законот за спречување и заштита од дискриминација во член 4 точка 6, под *„маргинализирана група" се подразбира група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите.*

Маргинализираните заедници се жртви на структурна дискриминација што е резултат на правила, норми, рутини, ставови и однесување во институциите и другите општествени структури кои претставуваат пречка во нивниот пристап до правата и можностите како и останатите.

Во „Истражување за искуствата и знаењата за спречување и заштита од дискриминациија на ранливите групи на граѓани"[1], спроведено од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените Скопје во соработка со Институтот за човекови права во 2020 година е нотирано: *Најголем дел од луѓето кои употребуваат droги (90 %) сметаат дека не уживаат еднаков третман, додека само две лица сметаат дека делумно уживаат еднаков третман со другите граѓани. Само едно лице од луѓето кои употребуваат дроги смета дека е третирано еднакво со другите. Овие податоци кореспондираат со високиот процент на искуство со дискриминација, за што 93,3 % од испитаниците одговориле дека биле дискриминирани...*

Ова истажување покажало дека *употребата на дроги е силен извор на стигма и дискриминација, а луѓето кои употребуваат дрога или се лекуваат од опијатна зависност со т.н. супституциона терапија, се соочуваат со здравствен проблем што бара*

1 https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%20%D0%9A%D0%A1%D0%97%D0%94.pdf

*третман и поддршка. Токму затоа, 50 % од испитаниците одговориле дека, меѓу другите основи, имале искуство на дискриминација врз основа на здравствениот статус. Споредбата со здравствениот статус кај вкупниот број испитаници, кој изнесува 16,6 %, јасно покажува дека луѓето кои употребуваат дроги несразмерно почесто се жртви на дискриминација по оваа основа во однос на другите маргинализирани заедници.*

Последното истражување за толеранцијата и вредностите на граѓаните во нашето општество, спроведено од Македонскиот центар за меѓународна соработка Скопје[2] (ноември 2022) покажа дека луѓето кои употребуваат или употребувале дроги се најнепосакуваната општествена група: *Во Македонија има голема нетолеранција, особено кон пет категории луѓе: зависници од дрога (91%), зависници од алкохол (88.6%), луѓе со криминално досие (82.2%), хомосексуалци (81%) и лица заболени од ХИВ (77.2%).*

Употребата на дроги е силен извор на предрасуди кои резултираат со дискриминација и дискриминациски практики не само кон активните уживатели на дроги туку и кон лицата кои порано употребувале опијати а сега се на лекување на зависноста со тнр. суптитуциска терапија и тие не се дискриминирани само врз основа на нивниот здравствен статус и состојба на зависност, туку и поради тоа што ги обединува нивниот специфичен општествен статус поради кој стануваат предмет на предрасуди, нетолеранција и отфрленост во заедницата. Токму поради ова на оваа маргинализирана група најчесто им се ограничува еднаквиот пристап до добра и услуги, што претставува дискриминација.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба.

И сите меѓународни инструменти за заштита на човековите права што се ратификувани од страна на државата и кои се дел од внатрешниот правен поредок упатуваат на обврската на државата да обезбедува законски претпоставки што ќе ја гарантираат еднаквоста на граѓаните и ќе ги заштитуваат од дискриминација.

Недискриминацијата подразбира обврска на државата да се воздржи од активно делување во насока на вршење дискриминација врз различни основи, вклучително и здравствен статус и припадност на маргинализирана група.

Од обезбедената документација и информациите добиени при непосредниот увид, како и од непосредната изјава на подносителот на претставката, Комисијата констатира дека Поликлиниката [redacted] Скопје не го докажа спротивното од тврдењата на подносителот изнесени во претставката, односно дека кон подносителот извршиле директна повеќекратна и продолжена дискриминација по основ на здравствен статус и припадност на маргинализирана група во областа пристап до добра и услуги, од причини што:

1. Согласно Правилникот за начинот на вршење на здравствениот преглед за издавање на уверение за здравствена и психофизичка способност за

[2] https://mcms.mk/images/docs/2022/tolerancija-i-vrednosti-na-graganite.pdf

управување со моторно возило, согласно член 2 став 2, ако при здравствениот преглед комисијата се посомнева дека кандидатот боледува од некоја болест која ја нарушува неговата здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило и би претставувал можна закана за безбедноста во сообраќајот, кандидатот се упатува на преглед до соодветен лекар специјалист. Лекарската комисија од Поликлиниката не го испочитувала тоа, заради тоа што во составот на нивната комисија членува и специјалист – невропсихијатар. Во овој случај, со оглед дека и самите наведуваат дека при оценувањето на кандидатот за привремено неспособен за управување со моторно возило се базирале врз неговата изјава дека е на суптитуциска терапија со метадон, било потребно да го упатат на преглед кај психијатар кој е специјализиран за превентива и третман на болести на зависност.

2. Во членот 5 став 2 од истиот Правилник, доколку лекарската комисија го оцени кандидатот за привремено неспособен, должни се да ја образложат нивната оценка. Во овој случај, комисијата не доставила писмено образложение за оценката до кандидатот Радовиќ.
3. Лекарската комисија од Поликлиниката [redacted] не го информирала кандидатот [redacted] за можноста да вложи жалба против уверението за здравствената и психофизичката способност до посебна комисија што ја формира Министерството за здравство, согласно член 329 ставови 1 и 2, односно уверението што го издале ниту е образложено ниту содржи правна поука.
4. Поликлиниката [redacted] во своето изјаснување по побараните дополнителни податоци за случајот, при образлагањето зошто го оцениле подносителот за привремено неспособен, се повикуваат на задолжителноста што произлегува од членот 2 став а) точка 5 од Правилникот за здравствени критериуми, додавајќи дека *критериумот што е наведен во оваа точка, не е условен со дополнителен преглед во својство на потврда.* Оваа одредба гласи: *Душевни растројства во однесувањето настанати поради употреба на психоактивни супстанци,* што упатува дека лекарската комисија од Поликлиниката прејудицира дека при лекарскиот преглед кај кандидатот утврдиле душевно растројство во однесувањето, без да го упатат на дополнителен преглед кај соодветен специјалист кој работи токму на превентива и лекување на зависности. Според стручното мислење на [redacted], *стереотипниот пристап кон корисниците и лицата на третман со метадон условува морализација и стигматизација со која на дел од овие пациенти им се повредуваат здравствените, социјалните и човековите права... Индивидуалниот пристап е најдобар заштитник на правото на пациентот,* наведува тој.
5. Конечно, Поликлиниката [redacted] во своето изјаснување од 20.02.2023 година, потврдуваат дека при издавањето на Уверението со кое подносителот се смета за привремено неспособен за најмногу 2 години, самите му објасниле на

кандидатот дека *додека е на лекување со метадон оценката за здравствената и психофизичката способност ќе биде „привремено неспособен" затоа што во ситуација да се предозира со препаратот кој го користи или доколку го користи во комбинација со други дроги или алкохол ... сериозно би ја загрозиле неговата безбедност и безбедноста на другите учесници во сообраќајот.* Според Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ваквите претпоставки се доказ дека оценувањето на здравствената и психофизичката на подносителот од страна на лекарската комисија од Поликлиниката, било обременето со предрасуди и стереотипи кон лицата кои се поранешни корисници на дроги.

Со сите погореопишани дејствија, КСЗД утврди дека Поликлиниката [redacted] извршила директна повеќекратна продолжена дискриминација кон [redacted] поради неговата поранешна зависност од опијати поради која се лекува, односно врз основа на неговиот здравствен статус и припадност на маргинализирана група лица, а одлуката да се прогласи за привремено неспособен да управува со моторно возило не е донесена со медицинско стручно образложение, туку априори се темели врз предрасудите дека лице кое е на метадонска терапија не може да биде функционално и да се смета за безбеден учесник во сообраќајот, со што не само што му ја ограничиле можноста да полага возачки испит и да добие дозвола за управување со моторно возило, туку и му ги ограничиле можностите да се вработи, да се рехабилитира и постепено да се реинтегрира во заедницата.
Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ПЗУ Поликлиника Скопје, да му овозможи на [redacted] од Скопје на еднаков и непречен пристап до здравствената услуга издавање на лекарско уверение за стекнување со дозвола за управување со моторно возило. Ова подразбира доследно почитување на одредбите содржани во Правилникот за начинот на вршење на здравствениот преглед на возачите на моторни возила и во Првилникот за здравствените критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидатите за возачи, а кои пропишуваат упатување до лекар-невропсихијатар специјализиран за работи на третман на болести на зависност, кој стручно би ја оценил неговата индивидуална способност за управување со моторно возило.
ПЗУ Поликлиника [redacted] треба да го исполни препорачаното во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ПЗУ Поликлиника [redacted] Скопје во иднина на сите пациенти да им овозможува еднаков и непречен пристап до сите здравствени услуги без разлика на нивниот здравствен статус, припадност на маргинализирана група или било која друга дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку ПЗУ Поликлиника [redacted] е постапи согласно овие препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на надлежностите од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
3. Архива на КСЗД